<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Право на асоцијации (здруженија) и фондации</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">50835</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Деловно право</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">Втор циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Втора година, трет семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">проф.д-р. Димитар Гелев</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">нема</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Цел на предметната програма по Право на асоцијации (здруженија) и фондации е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за овој вид граѓански здруженија и посебни намени на делови од имотот на граѓаните и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на правото на асоцијациите (здруженијата) и фондациите,<br>- да развиваат вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со правото на асоцијациите (здруженијата) и фондациите.<br>- студентите да ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими во сферата на правото на асоцијациите и фондациите.<br>- студентите да бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните видови асоцијации и фондации и различните видови договори, однесување и пракса поврзани со нив.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните субјекти што можат да основаат асоцијации и фондации.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните правни акти и договори за основање на асоцијациите и фондациите, начинот на нивната регистрација, начинот на кој се создава имотот на асоцијацијата и фондацијата; нивната непрофитна дејност и евентуалните споредни трговски активности.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните органи на асоцијациите и фондациите, начинот на нивниот избот, составот, начинот на гласањето, одлуките што тие може да ги донесуваат, јавниот надзор врз така донесените одлуки, можноста за нивно поништување, субјекти што можат да бараат поништување на одлуките.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат релевантните домашни прописи за вршењето јавен надзор врз асоцијациите и фондациите, начините на располагање со</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | имотот, вршењето на основните дејности, правилото *ultra vires* и неговата примена на асоцијациите и фондациите.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат начините на престанок и ликвидација на асоцијациите и фондациите и судбината на нивниот имот по завршувањето на тие постапки.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат различни видови *inter vivos* и *mortis causa* фондации и правила на семејното и наследното право што се применуваат на фондациите.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат различните видови меѓународни и преку-гранични асоцијации и начините на нивна регулација, како и правилата на меѓународното приватно право што се применуваат на нив.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат предлог правилата за европска асоцијација и европска фондација.<br><br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по правото на асоцијации (здруженија) и фондации ќе ги обработи теоретските аспекти на оваа материја, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира таа.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на правото на асоцијациите (здруженијата) и фондациите од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Во рамките на предметот Право на асоцијации (здруженија) и фондации студентите се запознаваат со правната дефиниција на асоцијациите, основните услови и непрофитниот карактер, историскиот развој на асоцијациите, слобода на здружување, правила на приватното право (асоцијации со и без својство на правно лице, основање, санкции), правен субјективитет и правна способност (стекнување на правниот субјективитет, ситуација пред основањето на асоцијацијата, асоцијации без правен субјективитет, одговорност во однос на трети лица), внатрешна организација (организациона структура, генерално собрание, одбор на директори, комитети), стекнување и загуба на членството (прие во членство, оставка, исклучување и други дисциплински мерки), јавен надзор и судска ревизија, престанок и ликвидациона постапка, преку-гранични асоцијации, поим на фондации, тенденции во праксата на фондациите, правна дефиниција на фондациите и класификација (два различни правни пристапи, поим на добротворност, изречно признавање на фондациите со закон), правен режим на фондациите, категории фондации, фондациите и економската активност, основање на фондацијата (различни начини на основање, статути и инструменти за труст, подарок, инволвирање на јавните власти при основањето, отповик и поништување), правен субјективитет и способност (правен субјективитет, фондации без правен субјективитет, ограничување на способноста), внатрешна организација и финансиско управување (основачки акт и статут, природа и состав на управните тела, права и обврски на членовите на одборот и на фидуцијарните доверители, финансиска управа и инвестирање во имот, основачи, даватели на влогови, корисници), јавен надзор и публицитет (објавување, публицитет, сметководство и контрола, мерки и санкции, пристап на граѓаните, право на жалба или поднесување тужба), промена на целта и организацијата (надлежност за промена на статутот или промена на целта, суштествени правила за промена на статутот, реорганизација), |

| | | |
|---|---|---|
| | престанок и ликвидациона постапка, основни одредби од даночното право (основање, индивидуални донатори, корпоративни донатори, договори за дарување, активности на фондацијата, корисници, меѓународен даночен режим на фондациите).<br>Предметот Право на асоцијации (здруженија) и фондации го анализира правното регулирање на здруженијата на граѓаните и фондациите. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен релевантните закони што ја регулираат ова материја (Законот за здружернија на граѓани и фондации, Закон за облигационите односи) студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни). |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6 ЕКТС = 150 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик/Англиски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | | Закон за здруженија и фондации | Службен весник на Република Македонија | 52/2010, 135/2011, 55/2016 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2.** | Carl Hemstrom | Associations (превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Brill/Nijhoff | 2002 |
| | | **3.** | Fritz Hondius, Tymen J. van der Ploeg | Foundations (превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Brill/Nijhoff | 2007 |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Klaus Hopt, Thomas von Hippel | Comparative Corporate Governance of Non-Profit Organizations | Cambridge University Press | 2010 |
| | | **2.** | Klaus Hopt | The European Foundation: A New Legal Approach | Cambridge University Press | 2006 |
| | | **3.** | Chiara Prele | Development in Foundation Law in Europe | Springer | 2014 |